З А П И С Н И К

од десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Десетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 11.05.2016 година, со почеток во 13:30 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател;
2. Славе Веловски, член;
3. Петар Есмеров, член;
4. Дешира Имери, член;
5. Сашо Димитријоски, Директор на Агенцијата за електронски комуникации;
6. Бојана Стефановска, Советник за правни работи- во својство на записничар,

Горан Велинов беше оправдано отсутен.

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од деветиот состанок на Комисијата одржан на 12.04.2016 и усвојување на предлог дневниот ред за десетиот состанок за 2016 година на Комисијата на АЕК;

   Записникот од деветиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Барање согласност за јавна набавка на услуга за Организирање на меѓународна регулаторна конференција за електронски комуникации;

   Имајќи го во предвид годишниот план за јавни набавки за 2016 година на Агенцијата за електронски комуникации од Службата за меѓународна соработка е поднесено барање за спроведување на ваков вид на услуга, кое нешто Комисијата го поздрави и даде согласност за истото.

3. Барање согласност за јавна набавка на услуга за Фиксна телефонија во деловните објекти на АЕК;

   Откако беше увидено дека во документацијата фали извештајот за истражување на пазарот, оваа точка беше одложена.

4. Барање согласност на Предлог Одлука за јавна набавка на услуга за Одржување на Централниот систем за преносливост на броеви;

   Комисијата даде согласност за спроведување на ваков вид на набавка.

5. Разно
   Под точката разно, Комисијата ги задолжија службите за побрзо спроведување на заклучот од предходниот состанок.

Состанокот заврши на 12.05.2016 во 15:00 часот.

Гордана Клинчарова, претседател _____

Славе Веловски, член _____

Петар Есмеров, член _____

Дешира Имери, член_____

Наш број _____

Скопје _____

www.aek.mk

Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk